## Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 05.04.2019

На 04.04.2019 во периодот од 09.20 до 11.00 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домот на Б.Т.(32) од Гевгелија. При претресот биле пронајдени и одземени марихуана, старо оружје, катран, боева мина, куршуми, стари монети и други предмети. Поради сомнение за сторени кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични droги" и „недозволено изработување, држење и тргување со оружје" во Полициската станица Гевгелија од слобода биле лишени и задржани Б.Т., како и Б.П.(19), В.П.(55) од Гевгелија и Д.Г.(23) од село Миравци, кои биле затекнати во станот. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.04.2019 во 01.45 часот на планината Плачковица од слобода биле Ј.Ш.(28) и А.К.Ш.(25), двајцата од Радовиш. Полициски службеници ги затекнале при вршење кривично дело „пустошење на шума". Од нив биле одземени дабови огревни дрва, моторна пила и патничко возило „Сузуки" без регистарски ознаки, во кое биле натоварени дрвата. Лицата се задржани во Полициска станица Радовиш и по целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.04.2019 во 07.30 часот во СВР Куманово бил приведен и задржан Д.П.(25) од Република Србија поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда", казниво по член 133 од Кривичниот законик. Истиот ден околу 05.00 часот на бензинска пумпа на автопатот Куманово-Табановце, при излегување на автобус, Д.П., по претходна расправија, физички нападнал едно лице и му нанел тешки телесни повреди. По целосно документирање и расчистување на случајот, против Д.П. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 04.04.2019 во 20.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во село Бучинци, скопско, на место викано „Црвени брегови" настанал пожар кој зафатил околу 20 хектари сува трева и ниско и високостеблеста дабова шума. Пожарот бил локализиран околу 22.10 часот од екипи на Бригадата за противпожарна заштита Скопје.

На 04.04.2019 во Полициската станица Чаир, К.А.(31) од Скопје пријавил дека на 03.04.2019 околу 20.30 часот на улица „Диме Мечето" неговата 12 - годишна ќерка била касната од куче скитник во пределот на десната и левата потколеница.

На 04.04.2019 во 22.05 часот во Полициската станица Аеродром, Л.Д.(19) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 19.00 часот на булевар „Србија" била касната од куче скитник во пределот на десната рака.

На 04.04.2019 во 09.00 часот во Полициската станица Демир Капија, З.П.(34) од Демир Капија пријавил дека истиот ден околу 06.00 часот бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатиот ден (05.04.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје превземени се мерки и активности и констатирано е дека шест возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 25 возачи од кои: 23 возачи затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и двајца возачи затоа што биле возачи-почетници. Исто така, исклучени од сообраќај се и 27 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се тројца возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, тројца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, тројца поради неправилно престројување, двајца возачи поради неправилно престигнување, пет возачи на моторцикли поради неносење заштитен шлем, 15 возачи поради неносење сигурносен појас за време на управување на моторно возило и 26 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкциониран е еден пешак поради поминување коловоз вон пешачки премин и еден пешак поради поминување коловоз на црвено светло.. Во текот на изминатиот ден издадени се 121 мандатен платен налог и 70 возила се подигнати со специјално возило "пајак". Изминатиот ден се случиле девет сообраќајни незгоди во кои 11 лица се здобиле со телесни повреди.

На 04.04.2019 во 22.30 часот на автопатот Велес-Скопје, во близина на „Штипска петља", патничко возило „Хјундаи ИХ35" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.В.(58) од Скопје, излетало од патот. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил

возачот, кој со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во болницата во Велес, по што бил префрлен во Комплексот клиники „Мајка Тереза“ во Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Велес.

На 04.04.2019 околу 14.30 часот на крстосницата од улиците „Васил Ѓоргов“ и „Орце Мартинов“ во Велес, патничко возило „Рено Кампус“ со велешки регистарски ознаки, управувано од Ќ.Л.(80) од Велес, удрило во бетонски ѕид. Во незгодата возачот се здобил со повреди и бил задржан на лекување во велешката болница. Извршен бил увид на местото на настанот.

Полициската станица Радовиш поднесе кривична пријава против С.А.(29), Ш.А.(35), Е.К.(21), сите од Радовиш и против Н.Б.(20) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „пустошење на шума“. На 02.03.2019 на планина Плачковица, на место викано „Влизина“, на патот за Иланица, вработени во шумска полиција ги затекнале пријавените при бесправна сеча на шума, при што било утврдено дека бесправно исекле 71 дабови стебла.

Полициски службеници од Секторот за внатрешни работи Битола на 04.04.2019 извршиле контрола за брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство, исправност на возилата, сигурносен појас... Притоа, контролирани се вкупно 432 возила и возачи и било констатирано дека 22 возачи ја пречекориле дозволената брзина, десет возачи управувале возило без возачка дозвола, нерегистрирани биле четири возила, еден возач не користел сигурносен појас, а осум возачи зборувале на мобилен телефон при управување на возилото.

На 04.04.2019 во 09.00 часот во Полициската станица Кочани било пријавено дека истиот ден околу 08.00 часот во болницата во Кочани со повреди бил донесен Д.М.(31) од Република Србија. Според пријавеното, тој се повредил при пад од околу седум метри висина, додека изведувал градежни работи на објект во Кочани, како вработен во фирма од Република Србија. По укажаната помош тој бил префрлен во Ургентен центар при комплексот клиники „Мајка Тереза“ во Скопје. Увид на местото извршила екипа од Полициската станица Кочани во присуство на инспектор за безбедност и здравје при работа. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 05.04.2019 околу 05.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Кузман Јосифовски Питу“ бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Ц.Ѓ.(54) и З.Л.(55), двајцата од Скопје, од една страна и И.Т.(43) од Скопје, од другата страна. И.Т. бил пренесен во Ургентен центар при комплексот клиники „Мајка Тереза“-Скопје. Увид на местото на настанот извршила екипа од СВР Скопје и се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 03.04.2019 екипа на Територијалната противпожарна единица Тетово го локализирала пожарот во атарот на село Лукавица и село Седларево, тетовско, на место викано „Крстевац“ и место викано „Беленица“, во кој билазафатена нискостеблеста шума и трева.

На 05.04.2019 во 02.45 часот во СВР Скопје, Р.Џ.(33) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 02.00 часот на улица „376“ бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.04.2019 во 17.30 часот во Полициската станица Радовиш, Р.Х.(66) од Радовиш пријавила дека истиот ден околу 16.30 часот на улица „Вардарска" во Радовиш била касната од куче скитник на левата потколеница.

На 04.04.2019 во 18.30 часот во Полициската станица Радовиш, С.К.(56) од Радовиш пријавила дека истиот ден околу 16.00 часот на булевар „Александар Македонски" во Радовиш била касната од куче скитник на левата потколеница.

На 04.04.2019 во 21.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на улица „Смилевска" бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Р.Ц.(35), Р.Н.(33) и С.И.(33), сите од Скопје, од една страна и Ф.С.(32), Т.Ц.(22) и А.М.(29), сите од Скопје, од друга страна. Сочинети се записници за констатиран прекршок по член 11 од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 04.04.2019 во Полициската станица Гостивар, Д.Г.(69) од Гостивар пријавила дека на 03.04.2019 околу 19.30 часот на улица „Мајор Чеде Филиповски" во Гостивар нејзиниот 17-годишен син бил каснат од куче скитник на левата нога.

На 04.04.2019 во 19.00 часот во Полициската станица Кисела Вода, С.Т.(41) од Скопје пријавила дека истиот ден околу 17.30 часот на улица „Пушкинова", во двор од основно училиште, нејзинот малолетен син бил физички нападнат од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.04.2019 во 18.50 часот во Полициската станица Карпош, С.Е.(48) од село Љубин, скопко, пријавил дека истиот ден околу 15.15 часот во средното училиште „Здравко Цветковски" неговиот 17 - годишен син бил физички нападнат од двајца негови соученици. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 04.04.2019 во 20.35 часот во СВР Скопје било пријавено дека во чекалната од Меѓуградската автобуска станица имало починато машко лице- бездомник со неутврден идентитет. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било пренесено во Капела Бутел.

На 04.04.2019 во 14.55 часот во СВР Скопје, на булевар „Никола Карев", при преземање на службени дејствија за запирање на патничко возило „Фолксваген", возачот на возилото А.С. (25) од Скопје не застанал и со возилото го удрил полицискиот службеник во левата рака. По преземени мерки А.С. е приведен и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 04.04.2019 во 10.20 часот во Полициската станица Радовиш, С.К.(56) од Радовиш пријавила дека истиот ден околу 10.00 часот на улица „22 Октомври" во Радовиш била касната од куче скитник во пределот на десната нога.

### МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

### АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

### ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте
» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

### ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)


Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)